# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Со Одлука бр. 2002-145/52 од 15.8.2016 година донесена на 165. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 15.8.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *трансфузиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 11 јули 2016 година и во предвидениот рок се пријави **д-р Емилија Велкова**, доктор по медицински науки, вработена на Институтот за трансфузиона медицина во Скопје.

По разгледување на доставената документација, утврдивме дека кандидатката д-р Емилија Велкова, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги достави следниве документи: 1) пријава; 2) диплома/уверение за завршено соодветно образование (за одбранета докторска дисертација) во оригинал и три копии заверени кај нотар; 3) диплома за завршен втор циклус студии (заверена кај нотар); 4) диплома за завршен прв циклус студии; 5) кратка биографија (во 4 примероци); 6) список на објавени научни и стручни трудови; 7) по еден примерок од сите објавени трудови; 8) препорака од двајца универзитетски професори; 10) по еден примерок од магистерскиот и докторскиот труд (во физичка форма); 11) дополнителни сертификати, одлуки и решенија; 12) уверение за државјанство и уверение за неосудуваност.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Емилија Велкова** е родена на 9.11.1959 година во Скопје, каде што завршува основно и средно образование со континуиран одличен успех. Студиите на Медицинскиот факултет во Скопје ги завршува во 1984 година со просечен успех од 9.25. Во 1985 година се вработува на Институтот за трансфузиона медицина во Скопје, каде што завршува специјализација по трансфузиологија во 1990 година. Од 2002 година е национален координатор за СПИ на СЗО. Во 2003 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за трансфузиона медицина при УКИМ - Скопје. Од 2004 година е раководител на Одделот за пренатална дијагностика и имунохематолошки нарушувања. Во 2010 година го одбранила магистерскиот труд со наслов „Имунохематолошка дијагностика на еритроцитната алоимунизација во бременоста и пуерпериумот" и се здобива со звање магистер по транфузиона медицина. Од 2013 година ја врши функцијата директор на Институтот за трансфузиона медицина на Р. Македонија. Од 2014 година е член на Европската комисија за компетентни авторитети од областа на трансфузиона медицина во Брисел, Белгија. Во 2015 година ја брани докторската теза со наслов „Имунохематолошка дијагностика и менаџмент на алосензибилизациите во тек на бременост кон антигените од Rh крвногрупниот систем" и се стекнува со звање доктор на медицински науки. Во 2015 година се стекнува со диплома директор за менаџирање си квалитет на крвни банки за Македонија, од Европскиот директорат за менаџирање со квалитет. Во 2016 година е назначена за експерт во Комитетот за експерти за трансфузија на КТВ на Советот на Европа/CD-P-TS. Активно се служи со англиски и српски јазик.

Кандидатката д-р мед. Емилија Велкова ***ги исполнува законските услови за избор во звање доцент, односно:***

Кандидатката е доктор на науки од областа на структурна, пресметковна и физичка хемија, има просечен успех поголем од 9.00 (и од додипломски и од магистерски студии), и има објавено **повеќе од четири** труда во меѓународни научни списанија во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Статус на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **E. Velkova** | Correlation between the Amount of Anti-D Antibodies and IgG Subclasses with Severity of Haemolytic Disease of Foetus and Newborn. | Open Access Maced J Med Sci. 2015 Jun 15;3(2):293-7. doi: 10.3889/oamjms.2015.058. Epub 2015 May 30. PMID: 27275238 **Free PMC Article** http://www.ncbi.nlm.nih.gov/pubmed/27275238 | Меѓународно научно списание |
| 2. | **E. Velkova**, Dejanova-Ilijeska, S | Epidemiology of RgD alloimunisation in pregnancy in R. Macedonia, | Physioacta, 9, 2015, ISSN 1857-5587 | Меѓународно научно списание |
| 3. | **E. Velkova**, A Ismaili, A. Useini, S. Dejanova-Ilijeska, V. Mitevska L. | Protocols for detection and prevention of RhD alloimunisation during pregnancy, | Medicus, 20 (2015) 188-194, ISSN 1409-6366 | Меѓународно научно списание |
| 4. | **E. Velkova** | The significance of imunohaemathology research in relation to management of haemolytic diseases of the newborn in R. Macedonia | Open Access Maced J Med Sci. 2014, http://dx.doi.org/1857-5773.2014.0428 | Меѓународно научно списание |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2003 година д-р Емилија Велкова е избрана за помлад асистент на Катедрата за трансфузиона медицина при УКИМ - Скопје (Билтен број 828, 15 мај 2003 година). Од 2004 година е раководител на Одделот за пренатална дијагностика и имунохематолошки пореметувања, а од 2013 година ја врши функцијата директор на Институтот за трансфузиона медицина на Р. Македонија. Член е во голем број организации од подрачјето на транфузионата медицина, а учествувала на повеќе од 30 интернационални семинари, работилници и симпозиуми наменети за стручни усовршувања и обуки од нејзината област. Учесник е во повеќе проекти, од кои поважни се: Поддршка на национална стратегија и контрола на СПИ во РМ, имплементирана од СЗО во 2006 година. Проект „Сексуално преносливи инфекции кај младите во образованието“, финансиран од СЗО во 2007 година. Проект „Подигнување на регионалната самодоволност на сигурна крв и крвни компоненти“; ИПА проект „Strenghtening of the Blood System“, 2014 година. Член е на голем број интернационални релевантни здруженија како што се: Интернационално здружение на трансфузиолози, Интернационално здружение за хемостаза и тромбоза, Азиско здружение за трансфузиона медицина, Меѓународна асоцијација за хламидиа трахоматис, Здружение на трансфузиолози на Р. Македонија и многу други. Добитник е на голем број признанија и награди за нејзините придонеси, ангажираноста и посветеноста во нејзината работа.

Д-р Емилија Велкова има објавено голем број научни трудови во меѓународни и домашни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, а некои од списанијата се цитирани во базата на PubMed, што е најрелевантна база на научни трудови од областа на медицинските науки. Притоа, д-р Емилија Велкова учествувала со усни и постер презентации на огромен број меѓународни научни и стручни конференции како автор и коавтор, каде што имала

можност да ги презентира најважните достигнувања од нејзината научноистражувачка работа. Покрај тоа, д-р Емилија Велкова е автор и на книга со меѓународна рецензија „Прирачник за менаџмент на СПИ“ ISBN 978-9989-96867-9 (2007 година), а е коавтор и на „Практикум по трансфузиона медицина за студентите по медицина“. Коавтор е и на прирачник за ученици со наслов „Рамка за сеопфатно сексуално образование“.

Во трудот со реден број 1, E. Velkova “Correlation between the Amount of Anti-D Antibodies and IgG Subclasses with Severity of Haemolytic Disease of Foetus and Newborn.” Open Access Maced J Med Sci. 2015 Jun 15;3(2):293-7. doi: 10.3889/oamjms.2015.058. Epub 2015 May 30, авторката претставува корелација помеѓу содржината на Anti-D антителата и IgG субкласите при хемолитички заболувања не фетусот. Користени се современи дијагностички и аналитички методи за утврдување на корелацијата помеѓу меѓусебно поврзаните испитувани параметри, што е од особено значење за утврдување на здравствената состојба кај новороденчињата. Трудот е објавен во базата PubMed.

Во трудот со реден број 2, **E. Velkova**, Dejanova-Ilijeska, S, Epidemiology of RgD alloimunisation in pregnancy in R. Macedonia, Physioacta, 9, 2015, ISSN 1857-5587, авторите претставуваат опширна епидемиолошка студија на алоимунизацијата во периодот на бременоста кај голем број пациенти од Република Македонија. Резултатите од оваа студија се посебно важни за утврдување на имунолошките фактори во периодот на бременоста кај бремените жени.

Во трудот со број 3, **E. Velkova**, Ismaili, A. Useini, S. Dejanova-Ilijeska, V. Mitevska L. Protocols for detection and prevention of RhD alloimunisation during pregnancy, Medicus, 20 (2015) 188-194, ISSN 1409-6366, авторите даваат детални протоколи за детекција и превенција од RhD алоимунизацијата за време на бременоста. Овие протоколи се од посебна важност за зголемување на имунизацијата во текот на бременоста.

Во трудот со реден број 4, E. Velkova, The significance of imunohaemathology research in relation to management of haemolytic diseases of the newborn in R. Macedonia, Open Access Maced J Med Sci. 2014, http://dx.doi.org/1857-5773.2014.0428 е претставена научноситражувачка студија каде што се дадени насоки за менаџирање на хемолитичките заболувања на новороденчињата во Република Македонија. Трудот е објавен во списание опфатено во базата на PubMed.

Покрај горенаведените трудови објавени во меѓународни научни списанија, д-р Емилија Велкова има објавено и други трудови од потесната област на нејзината работа. Преглед на останатите трудови објавени во меѓународни научни списанија или презентирани на меѓународни научни собири од д-р Емилија Велкова е даден во следниот прилог:

R. M. Grubovic, **E. Velkova**, P. Rozman, H. W. Reesink, Strenghtening of the blod safety system in the national blood transfusion services-Implementation oof the European Union IPA Project, Mac. J. Med. Sci. 23 June, 2014.

T. Makarovska-Bojadzieva, E. Velkova, M. Blagoevska, O. Damevska-Todorovska, Z. Stojanovska. I. Mitevska, Haemovigilance in R. Macedonia-Building an efficient System, 2nd Symposium of Transfusion Medicine, Pristina, Kosovo 2014.

E. Velkova, L. Mitevska, Analysis of the Socio-economic conditions of blood staff in Republic of Macedonia, 3rd Anatolian Blood Days, Antalya, Turkey 2014.

T. Makarova-Bojadzieva, E. Velkova, M. Blagoevska, J. S. Tosevska, Evaluation of Vitamin K antagonists anticoagulation effect, Thrombosis research (Elsevier) 141, 2016.

R. Grubovic, B. Georgievski, S. Useini, L. Cevreska, E. Velkova, Apheresiscollection of mobilized peripheral blood stem cells in haematological patients, Regional congress of the International Society of blood transfusion in cojuction with the 33rd annual conference of the British blood transfusion society, London UK, 27 June-1 July 2015.

R. Grubovic, B. Georgievski, S. Useini, L. Cevreska, E. Velkova, Safety and efficency of apheresis collection of mobilized hematopoietic stem cells from peripheral blood in healthy donors-14 years of experience, Regional congress of the International Society of blood transfusion in cojuction with the 33rd annual conference of the British blood transfusion society, London UK, 27 June-1 July 2015.

Nikolova JN, Makarovska TM, Velkova, E, et al. Prevalence of transfusion transmitted infectious diseases markers in Macedonian blood donors-a comparision study, Regional congress

of the International Society of blood transfusion in cojuction with the 33rd annual conference of the British blood transfusion society, London UK, 27 June-1 July 2015.

Todorovska ODT, Velkova E, et al, Non-conformities as quality indicators in ITM MK in period 2007-2014, Regional congress of the International Society of blood transfusion in cojuction with the 33rd annual conference of the British blood transfusion society, London UK, 27 June-1 July 2015.

Makarovska TM, Neceva VN, Nikolova NJ, Velkova E et al, LKipemic blood donor samples: to test or not, Regional congress of the International Society of blood transfusion in cojuction with the 33rd annual conference of the British blood transfusion society, London UK, 27 June-1 July 2015.

L. Mitevska, D. Donev, M. Blagoevska, E. Velkova, Attitueds and practices of medical staff about patient safety in hospitals in the Republic of Macedonia, 32 international conference Buliding Quality and Safety into the healthcare system, 4-7 october 2015, Doha, Qatar.

M. Blagoevska, I. Mitevska, E. Velkova et al. Deffered donors in the R. Macedonia in 2014, 26th Regional congress of the International Society of blood transfusion in cojuction with the 6th Annual Conference of the Indonesian Society of transfusion medicine, Bali, Indonesia, 14-16 November 2015.

E. Velkova, et al. Predictive value of Anti-D subclasses in Hemolitic desease of the newborn, 26th Regional congress of the International Society of blood transfusion in cojuction with the 6th Annual Conference of the Indonesian Society of transfusion medicine, Bali, Indonesia, 14-16 November 2015.

I. Nikoloska, R. Apostolovska, T Makarovska-Bojadzieva, E. Velkova, Thrombophlebitis in pregnant women, 18th International meeting Danubian league against thrombosis and haemorrhagic disorders, Sarajevo, 14-16 May 2015.

T. Makarovska-Bojadzieva, E. Velkova et al. Evaluation of the Vitamin K antagonists anticoagulation effect, 18th International meeting Danubian league against thrombosis and haemorrhagic disorders, Sarajevo, 14-16 May 2015.

E. Petkovikj, V. Dejanova-Ilijevska, R. Grubovic, S. Useini, E. Velkova, V. Neceva, Recurrent deep venous thrombosis and superficial thromophlebitis in a patient with protein deficiency and MTHFR c677T Mutation, 18th International meeting Danubian league against thrombosis and haemorrhagic disorders, Sarajevo, 14-16 May 2015.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната презентирана активност во овој реферат може да се заклучи дека кандидатката д-р Емилија Велкова поседува исклучителни квалитети и способности во научноистражувачката и здравствената дејност, а поседува и неопходни вештини потребни за успешна реализација на образовната работа. Притоа, кандидатката поседува максимална посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски. Кандидатката освен преку ангажираноста и успешната реализација на обврски во матичната институција, каде што е вработена, покажува голем потенцијал и во организацијата и менаџирањето на решавање на проблемите во една сериозна институција што е од круцијална важност во здравствениот систем на Република Македонија. Со објавувањето на научни трудови со оригинални научни резултати во интернационални списанија, д-р Велкова придонесува и за развојот на науката во нашата земја.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да ја избере д-р Емилија Велкова во звање доцент во наставно-научната област трансфузиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Стојанка Костовска,**
**редовен професор во пензија, с.р.**
**Проф. д-р Владо Миленков,**
**вонреден професор на УКИМ, члаен, с.р.**
**Д-р Вело Марковски,**
**доцент на Факултет за медицински науки при УГД Штип, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Одбранета докторска теза | 1 | 15 | | | 15 |
| **2** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **3** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ: трудови бр. 1-5 | 5 | 6 | | | 30 |
| **4** | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно):<br>Постер: бр. 9-18<br>Усно: бр. 6, 7 | | | 9<br>2 | 1,5<br>4 | 13.5<br>8 |
| **5** | Учесник во научен проект | 3 | 2 | | | 6 |
| **6** | Студиски престој во странство | | | 2 | 8 | 16 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **92.5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Објавен практикум | 1 | 2 | | | 2 |
| **2** | Раководител на институтски орган, комисија | 1 | 2 | | | 2 |
| **3** | Книга „Прирачник а менаџмент на СПИ„ ISBN 978-9989-96867-9 (2007 година) | 1 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **12** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **114.5** |